Затоа, во иднина поедините издавачи или заинтересирани автори ќе треба да стапат во поблизок контакт со соодветните луѓе во републиките, како би ги уочиле подобро тие карактеристики за да бидат внесени во учебниците. Во оваа смисла му се предложи на Сојузот на историските друштва на СФРЈ да организира работа на изборот на наставните содржини, а потоа тоа да се стори и во републиките, за додавање на специфичностите во развојот на нашите народи. (Со овој предлог се согласи и претседателот на овој Сојуз д-р Иван Божиќ, кој зеде учество на ова советување);

— историските читанки треба да имаат исто така своја методска концепција, прилагодена спрема таквата на учебникот;

— по прашањето за испитување и утврдување квалитетот на учебниците, со оглед што за тоа се заинтересирани и издавачите, треба секако да се настојува да се формираат посебни тела кои би се занимавале со оваа работа или пак издавачите да порачуваат кај соодветните педагошки институции испитување за утврдување квалитетот на учебниците на база пообјективни мерила и методи;

— со оглед истакнатата потреба за издавање на прирачници за наставниците, како и за изработување на учила и други наставни средства (кои — патем речено — се многу скапи), се подвлече дека издавачите треба повеќе да се заинтересираат и да ја прошират својата дејност во оваа смисла, за што исто така ќе треба да дојде до соработка-кооперација помеѓу издавачите;

— присутните забележија дека во педагошките и другите стручни списанија недоволно се објавуваат рецензии и критики на излезените учебници по историја. Затоа издавачите се согласија да финансираат едно свое списание во кое ќе се третира сè она што е сврзано со учебниците, помагалата и прирачниците за наставата, како во основните, така и во средните училишта.

На вториот ден од советувањето, организаторот овозможи во Карловац да се посетат два наставни часа по историја и тоа едниот во VIII одделение на основното училиште и во III клас на Карловачката гимназија. На обата часа се демонстрира практична работа со ученикот. Дискусијата што се разви по тоа, покажа дека со квалитетниот учебник е можно почесто и успешно да се применува методот на работа со учебникот на часот, но дека и при лошиот и при квалитетниот учебник основен фактор за успешно изведување на наставниот процес пак си останува наставникот.

Покрај одбележеното, ова советување за учебниците по историја е јасен знак за сè поголемата заинтересираност и ангажираност на нашите издавачки куќи за подобрување квалитетот резултати на присутната грижа да се на учебниците. Тоа е еден од плодните одговори што подобро на својата задача и улога пред нашата општественост во условите на нашиот самоуправен систем.

**В. К.**

## СПИСОК НА СОРАБОТНИЦИТЕ

Др Христо Андонов — Полјански, Професор на Филозофскиот факултет, Скопје

Др Александар Апостолов, Доцент на Филозофскиот факултет, Скопје

Емилија Бадер, Архивист при Институтот за национална историја, Скопје

Цветан Беличански, Професор на Педагошката академија, Битола

Костадин Делиниколов, Професор на Економското училиште „Борис Кидрич", Скопје

Јордан Димевски, Професор на Педагошката академија, Скопје

Др Владо Ивановски, Асистент на Институтот за национална историја, Скопје

Др Орде Ивановски, Научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Др Иван Катарџиев, Виш научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Ристо Кирјазоски, Архивист при Архивот на СР Македонија, Скопје

Др Војо Кушевски, Предавач на Филозофскиот факултет, Скопје

Др Андрија Лаиновиќ, Професор на Филозофскиот факултет, Скопје

Магистер Илија Малинковски, Службеник во Туристичкиот Сојуз на СР Македонија, Скопје

Иван Маневски, Професор во Гимназијата, Штип

Др Славко Мијушковиќ, Директор на Државниот Архив во Котор

Димче Мире, Директор на Архивот на СР Македонија, Скопје

Димитар Митрев, Професор на Филозофскиот факултет, Скопје

Боро Митрески, Соработник на Војно-историскиот институт, Белград

Павле Митрески, Директор на Историскиот архив, Охрид

Трпко Панговски, Директор на Историскиот музеј, Скопје

Др Бранко Панов, Доцент на Филозофскиот факултет, Скопје

Ристо Поп Лазаров, Асистент на Институтот за национална историја, Скопје

Шукри Рахаими, Професор на Педагошката академија, Скопје

Томе Саздов, Асистент на Филозофскиот факултет, Скопје

Методија Соколоски, Професор на Филозофскиот факултет, Скопје

Др Петар Стојанов, Научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Др Глигор Тодоровски, Научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Јанко Тодоровски, Народен пратеник, Скопје

Милка Тодоровска, Научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Др Миле Тодоровски, Научен соработник на Институтот за национална историја, Скопје

Благоја Цветкоски, Професор на Педагошката Академија, Штип

Славка Фиданова, Предавач на Филозофскиот факултет, Скопје